СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# КЛУБ НА ПРАТЕНИЧКИ
# 2003-2014



**Издавач:**
Македонско женско лоби

**Уредувачки одбор:**
Лилјана Кузмановска,
Дешира Имери,
Ленче Николовска,
Соња Мираковска,
Лилјана Поповска

**Подготвиле:**
Тања Томиќ,
Моника Стојаноска,
Снежана Орловиќ-Стојановиќ

**Графичка подготовка:**
Тања Томиќ

**Лектор:**
Снежана Орловиќ-Стојановиќ

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

342.534-055.2(497.7)"2003/14"

КЛУБ на пратенички : 2003-2014 / [уредувачки одбор Лилјана Кузмановска .... и др.]. - Скопје : Македонско женско лоби, 2014. - 20 стр. : илустр. ; 24 см

Уредници: Лилјана Кузмановска, Дешира Имери, Ленче Николовска, Соња Мираковска, Мерал Узеири Ферати, Лилјана Поповска

ISBN 978-608-65426-3-4

а) Пратеници, жени - Македонија - 2003-2014
COBISS.MK-ID 95726090



**Трајко Вељаноски,** претседател на Собранието на Република Македонија

Пред единаесет години, односно на 7 март 2003 година е формиран Клубот на пратенички при Собранието на Република Македонија, како неформална лоби-група. Основната цел на Клубот на пратеничките е преку законски решенија да се постигне родовата еднаквост, да се унапреди положбата на жената во процесите на креирање на соодветни политики, како и да се зголеми активното учество на жената во процесот на одлучување во државата. Јас верувам дека Клубот на пратенички на Собранието на Република Македонија, за овие 11 години на своето дејствување, постигна многу. Како за пример, денес во Собранието имаме 42 пратенички, а ова е резултат на измените на Изборниот законик од 2006 година, со кој се обезбедува место за најмалку една жена на секои три кандидати на изборните листи со што сме некаде во светскиот врв. Понатаму, донесувањето на Законот за еднакви можности на жените и мажите и улогата на Клубот на пратенички во неговото подготвување и донесување. Посебно што би сакал да истакнам е улогата и постигнатите резултати на Клубот на пратенички на Собранието на Република Македонија во борбата против семејното насилство. Тука, пред сè мислам на измените и дополнувањата на конкретни законски решенија и изградбата на шелтер-центри за жртвите на семејното насилство и бездомни лица. Тука може да се споменат уште многу конкретни иницијативи и проекти кои се реализирани, или се во фаза на реализација, но јас би сакал истакнам една друга димензија. Со вашето делување, иако припаѓате на различни политички партии, покажавте дека општите интереси не смеат да бидат ниту ограничени, ниту пак (зло)употребени за дневната политика, или партиските интереси. Втората значајна димензија е фактот дека со вашето дејствување, како во Собранието, така и надвор од собраниските клупи успеавте, во голема мера, да го промените патријархалното разбирање на жената во општеството, но притоа и да не се уништат оние позитивни традиционални вредности, кои се карактеристични за нашата средина. Верувам дека и во иднина, со вашето работење, ќе ги остварувате своите цели во интерес не само на жените, туку на сите нас и на општеството во целост.



**Тања Томиќ,** координаторка на Клубот на пратенички

Достигнувањата на Клубот на пратенички, од аспект на подобување на положбата на жената во Република Македонија, се значаен исчекор напред. За поздравување се како законските решенија кои ги предлагале жените во Собрание, така и влијанието на посебните кампањи за подигнување на јавната свест. Благодарение на активитетот на жените-пратенички, а најмногу на оние во првиот состав кога е формиран Клубот, денес Македонија е земја која предничи во подобрување на правата на жената пред повеќето свои соседи, а и пред некои европски земји. Иако во многу работи сме предводник, сепак во изминатиот период не секогаш Клубот успеваше да ја одигра својата улога, пропуштени беа дел од можностите (како со Законот за абортус минатата година) за подобрување на уште неколку сфери. Она што ме радува е што благодарение на совесноста на жените во координативното тело, после долги дискусии сепак во преден план се ставија интересите на жените во Република Македонија и Клубот продолжи со работа. Тоа е аманет кој би сакала да го оставиме и на идните состави на Клубот. Секогаш ќе има тешки периоди и несогласувања, но она што е најважно е да ги надминуваме пречките и да успеваме во секој мандат барем по неколку законски измени да иструркаме, кои ќе влијаат на подобрување на животот на жената.



**Лилјана Кузмановска,** членка на Координативното тело и поранешна координаторка на Клубот на пратенички

*Кога жените напредуваат, целото општество има корист, а следните генерации имаат подобар старт во животот - Кофи Анан*

Еднаквите можности на жените и мажите во Република Македонија се загарантирани со Уставот како највисок правен акт, но воедно и голем број на закони забрануваат дискриминација врз основа на пол и содржат одредби со кои се инкорпорира родовиот концепт во домашната законска регулатива Со законските одредби нормативно се обезбедени еднаквите можности на жените и мажите во државата. Следејќи ги добрите примери од европските земји и земјите во регионот во делот на родовата еднаквост, во Република Македонија е донесен Закон за еднакви можности на жените и мажите. Изминатите години беа посветени на имплементацијата на Законот за еднакви можности и воспоставувањето на механизмите на национално и локално ниво, со цел унапредување на еднаквите можности на жените и мажите. Значаен напредок во промовирањето и заштитата на еднаквите можности, преку еден покомплексен пристап кон овие прашања, дополнително се направи со донесувањето на Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој претставува заокружена правна рамка за заштита од дискриминација по разни основи. Во контекст на економското јакнење на жените и намалување на сиромаштијата и високата стапка на невработеност на женската популација, значајни се одредбите кои се внесени во Законот за работни односи. Според него, жените и мажите имаат исти права и можности за пристап на пазарот на трудот и на работното место. Воведен е принципот на забрана за дискриминација при вработување, забрана за директна и индиректна дискриминација на работното место, вознемирување и сексуално вознемирување. Со овој закон се гарантираат исти услови за професионално усовршување и унапредување, како и иста плата за иста работа.



**Соња Мираковска,** членка на Координативното тело и поранешна координаторка на Клубот на Пратенички

За своето 10-годишно постоење Клубот на пратенички во Собранието на Република Македонија ја докажа неопходноста од своето постоење, реализирајќи и поддржувајќи значаен број законски решенија кои ја унапредија родовата еднаквост и правата на жените во Република Македонија. Неговото постоење е тесно поврзано со активното вклучување на жената во политичкиот живот, пред сè, преку историскиот исчекор со внесувањето на квота за учество на жените во парламентот и советите на локалните самоуправи.
Пред Клубот постојат уште многу предизвици, и затоа е неопходно јакнење на довербата меѓу жените во парламентот за реализирање на идните проекти што значајно ќе ја зацврстат положбата на жените во нашето општество.



**Дешира Имери,** членка на Координативното тело на Клубот на Пратенички

Клубот на пратенички е неформална група во Собранието на Република Македонија, којашто има големо значење за положбата на жените во сите важни области во Република Македонија, како и спротивставување на семејното насилство преку изменување на законот за семејство. Клубот на пратенички поседува неколку достигнувања, како што се: измените во Изборниот законик, измените во Законот за здравствено осигурување, измените на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, со кој се продолжи рокот за пензионирање по основ на стаж за уште две години, како и други соодветни важни законски промени.

Успесите за позицијата на жената во општеството не секогаш треба да се интерпретира од позиција на бројки, на мерливост на учество на жените во соодветните институции во државата, туку и од аспект на квалитетот и нивото на придонес врз целокупната благосостојба на општеството.

Жените во политиката во Република Македонија дадоа суштински придонес во многу политички иницијативи и законски проекти во областа на: социјалната заштита, зголемување на породилното отсуство, поддршка за многудетните семејства, поддршка за младите брачни двојки, грижа за активен живот на лицата од третата доба, антидискриминација на маргинализираните групи, поддршка и охрабрување на претприемништво за жени во руралните средини, во областа на културата, образованието и здравството.

Како приоритетен ангажман на Клубот на пратенички за наредниот период поефикасно и поефективно би било да се покрене иницијатива за застапеност на жените во поголем број во извршната власт, како и застапеност на поголем број на жени на градоначалнички позиции.

Се надевам дека во иднина Клубот на пратенички ќе продолжи да влијае врз преземање на иницијативи за донесување на многу други закони, кои ќе делуваат во родова рамноправност во општеството.



**Ленче Николовска,** членка на Координативното тело на Клубот на пратенички

Клубот на пратенички, во својата основна функција, има за цел да придонесе за подобрување на животот на жените во Република Македонија. Моментот кога жените од различни политички партии, со различна етничка, социјална, верска, професионална и друга припадност ќе успеат да се договорат и заеднички да промовираат и реализираат одредена идеја или промена е исклучително значаен.

Клубот претставува место на кое и во минатото, а се надевам и во иднина многу често имало жестоки дебати по различни прашања, но и многу моменти на заеднички одлуки. Моменти кои со сигурност значеле успех на усогласеното решение, на бенефит на сите жени во државата. Искрено се надевам дека Клубот ќе продолжи да опстојува и дека ќе има сѐ повеќе моменти на заеднички одлуки, а сѐ помалку моменти на разединување. Посебно значајно, за мене, е во некои од тие идни заеднички решенија да има што поголем број предлози и измени на закони кои ќе ја подобрат положбата на жената-фармерка, дури и ако тие подразбираат вклучување на позитивна дискриминација во почетокот.



**Фламуре Демири Креци,** пратеничка на Народна Демократска Преродба

Иако беше потребно уште од почетокот на самостојноста на Македонија, женското лоби дури во 2003 година успеа да формира Клуб на пратенички. Ова дојде како резултат на занемарување на најосетливите прашања на женските права, кои беа занемарени од машкиот свет. Основна карактеристика на овој клуб е што жените, барем малку се оддалечија од партиското јадро, донесувајќи одлуки независно од партиските програми и начела. За секоја почит на овој клуб е и меѓуетничката толеранција, која за неколку степени беше на повисоко ниво од генералното. Со помош на неколку кампањи, Клубот на пратенички успеа да донесе неколку одлуки и измени на закони, кои директно ги тангира женските права, почнувајќи од здравствените проблеми, породилното отсуство, семејното насилство и др. Голема заслуга на Клубот на пратенички е и измената на Изборниот законик, во кој на пратеничките и советничките листи на секое трето место да биде застапен помалку застапениот пол. Потоа следат здравствените кампањи за бесплатни прегледи за рано откривање на ракот на дојката и матката. Но, во последно време се појавија недоразбирања и несложност во донесување на законот за абортусот, при што беа поделени пратеничките од двата блока, односно, владините пратенички кои се во коалиција и пратеничките од опозицијата. Јас мислам дека овој закон доведе до дестабилизирање на Клубот на пратенички, за што добивме остри критики од сите невладини и граѓански организации.



**Лилјана Поповска,** претседателка на Комисијата за еднакви можности за жените и мажите

Клубот работи во континуитет 11 години, низ 4 парламентарни состави. Формиран е во 2003 на иницијатива на Македонското женско лоби, а со поддршка на GTF - Работната група за родови прашања при Пактот за стабилност на ЈИЕ, како неформално парламентарно тело со свој простор и логистика од страна на Парламентот и невладиниот сектор. Клубот се фокусираше на едукација на новите пратенички, отворање прашања од интерес на жените и регионална соработка со жени од други парламенти. Тој послужи како модел за поврзување на пратеничките од Балканот и пошироко, споделувајќи го своето искуство на меѓународни средби и семинари. Главните придобивки од заедничкото работење на избраните жени во Парламентот беа: отворање и решавање нови прашања поврзани со родовиот аспект, посилна позиција на жените во општеството, поголема толеранција и општествена кохезија. Најзначајни резултати се подобрувањето на законите за родови квоти, семејно насилство, женско здравје, заштита на децата, како и носењето на Законот за еднакви можности на жените и мажите во 2006 и 2012, двапати со консензус, по претходно меѓупартиско усогласување во Клубот. Клубот има блиска соработка со Комисијата за еднакви можности за жените и мажите, чија претседателка по функција членува во координативното тело на Клубот.



**Елеонора Петрова Митевска,** прва координаторка на Клубот на пратенички

Во изминатите неколку децении правата на жените биле во фокусот на голем број Декларации и Платформи, кои еднаквоста ја поставиле како еден од основните принципи на човековите права. Со прифаќањето на овие принципи, се претпоставува не само елиминирање на сите форми на дискриминација кон жените, туку и застапеност на жените на сите нивоа на организирање и функционирање на општеството. Парламентите, како законодавен дом, се првите институции кои овие принципи ги преточиле во пракса.

Собранието на Република Македонија го формира Клубот на пратенички, со цел да овозможи видливост во напорите на пратеничките во битката на жените во Република Македонија за еднакви одговорности и учество во сите сфери на јавниот живот.

Исто така, активностите на Клубот на пратенички беа насочени на борбата против родовите стереотипи, јакнењето на жените и балансираното учество во одлучувачките структури. Следните чекори беа во насока на донесување на законски подобрувања на животот на жените во семејството, борба против семејно насилство и зголемена социјална заштита.

Напорите за подобрување на условите на живот на жените и нивната улога во општеството во Република Македонија не се завршени. Претстојат уште многу чекори кон вистинската рамноправност. Но, треба да се оддаде признание на жените и мажите кои го изодеа патот од согледувањето на нерамноправноста до првите подобрувања во законската регулатива.



**Благородна Мингова Крепиева,** поранешна координаторка на Клубот на пратенички

По изборите 2002 г, како жени-парламентарки, бевме мотивирани да ја оправдаме квотата, а преку формирањето на Клубот да покажеме дека постои и желба, и можност по одредени прашања да се работи и надпартиски. Преку анализа на родово чувствителната легислатива успеавме да се донесат измените на Изборниот законик (помеѓу 3 кандидати обата пола да бидат застапени), Законот за еднакви можности, стотици амандмани на Законот за работни односи, Законот за семејство и Кривичниот закон во врска со семејното насилство, амандманот за измена на Законот за пензии:
– како пример за имање слух за барањата на вработените жени, особено во текстилната индустрија, но и пример како кога тоа го бараат нашите граѓани - гласачи и покрај неодобрувањето од извршната власт, да се донесе решение во нивен интерес. Иако 80% од жените-пратенички потекнуваа од мнозинството (СДСМ). На крајот сакам да ја преповторам изјавата на тогашната потпретседателка на Европското женско лоби, г-ѓа Каринте Хенроте дадена во предвечерието на добивањето на кандидатскиот статус 2005 год: „Македонија е пример за ЕУ, со тоа што, за овој краток период, го постигна во сферата на родовите прашања". Јас посакувам вакви и подобри оценки да добиваме и во иднина.



**Силвана Бонева** - заменик-координатор на Клубот на пратенички до 2006 год.

Клубот на жени парламентарки се формираше во многу сензитивен период за државата, после конфликтот од 2001 год. кога речиси и немаше комуникација помеѓу повеќето партии претставени во новиот состав на Собранието од 2002 г., и претставуваше своевиден мост на комуникација меѓу нив. Работењето во Клубот беше волонтерски, работевме од срце, со голем ентузијазам за да може заеднички да постигнеме многу повеќе за сите жени во државата.
Заеднички се боревме и лобиравме кај нашите колеги, во нашите партии, кај извршната власт и кај меѓународните претставници во земјата за сестрана нивна поддршка во нашите намери. Имаше бурна дебата за воведување на квотите за помалку застапениот пол, во првите три позиции на изборните листи. На крајот, со поддршка од лидерите на партиите, добивме одобрување од доволен број наши колеги кои како што велеа, „Ќе гласаме и со двете раце, не затоа што сте жени, туку затоа што сте одговорни, работите чесно, напорно, затоа што сте конструктивни, секогаш сте навреме на работните места, затоа што сте борбени и достоинствени, затоа заслужувате да бидете многу побројни и од мажите во Собранието".
Во текот на овие 11 години работевме заедно, поддржувајќи ги нашите иницијативи без оглед дали сме власт или опозиција. Често правевме и отстапки, како кога во 2006 год. јас го препуштив координативното место на колешка од опозициската партија, но сепак продолжив како координатор на најголемата пратеничка група да лобирам кај министрите од мнозинството во име на Клубот, бидејќи најважно од сè беше да се постигнат резултати. Во тоа и успеавме, постигнавме исклучителни резултати кои ќе останат како наследство, кое ќе го надградуват идните генерации.
Заедно со моите колешки од опозицијата го пренесувавме нашето искуство и на жени од други парламенти во регионот, Европа и светот, со поддршка на Пактот за стабилност на ЈИЕ, НДИ, УСАИД, ОБСЕ, МЖЛ, МТСП.
Искрена благодарност до моите колешки Лилјана, Цветанка, Ристана, Роза, Б. М. Крепиева, Селвие...со кои без оглед на партиската припадност од срце се боревме за доброто на сите жени во Македонија.



**Цветанка Иванова,** поранешна координаторка на Клубот на пратенички

Несомнено, постојат моменти во општествениот развој кога е зрела состојбата да се направи голем исчекор, и да се постигне целта која била борба и сон на многу наши претходнички, наши баби, мајки. Потребна е подготвеност таа состојба да се препознае и голема храброст да се реализира тој чекор.
Во 2003 година, беа исполнети сите овие предуслови. Храбрите парламентарки од тој состав, поддржани од жените организирани во политичките партии, НВО, медиумите, како и од колегите парламентарци, го направија историскиот чекор, го формираа Клубот на пратенички, како неутрално место каде заедно ќе бијат битки за унапредување на правата на жената, Оттогаш наваму го отворивме патот на многу жени во политиката. Многу битки извојувавме, дел од битките ги изгубивме. Патот не е изоден, борбата продолжува заради заветот на тие што се бореа пред нас, за нас и за оние кои доаѓаат по нас. Благодарам што бев во тимот на Елеонора, Лиле, Благородна, Ана, Весна, Каролина, Наташа, Славица, Роза, Силвана, Марија, Светле, Цветанка, Емилија, Теута, Селвие, Лилјана, Ристана, Милка, Соња, како и несебичната посветеност на Снежана, која правеше сè Клубот да функционира беспрекорно.



**Славица Грковска,** поранешна координаторка на Клубот на пратенички

Покрај вообичаените активности поврзани со предлагање на амандмани, јавни дебати со присуство на говорници од дипломатскиот кор, меѓународните организации и домашни експерти, посебно би сакала да ги издвојам следните активности:

- За првпат од постоењето на Клубот на 19 ноември 2009 г. истиот одржа прес-конференција на која ги објави телефонскиот број и e-mail адресата на Клубот, на граѓаните, со цел тие да се обратат со свои предлози и иницијативи кои одат во функција на подобрување на законските решенија кои обезбедуваат еднаков третман на половите, или да реагираат на случаи на дискриминација;
- На 24 декември 2009 г. Клубот одржа дебата на тема „Што по Копенхаген“, по повод меѓународната конференција за климатски промени којашто се одржа во Копенхаген, како и последиците од климатските промени врз Република Македонија. На дебатата беа поканети претставници на дипломатскиот кор во Република Македонија, меѓународни организации, невладини организации и други. Ова особено заради фактот што светските анализи покажаа дека жените се побројни и поголеми жртви на климатските промени отколку мажите;
- Со цел да се преземат конкретни чекори за решавање на проблемите, Клубот предложи, а Собранието усвои Декларација за заштита од климатски промени во Република Македонија и со тоа станавме прв Парламент во светот кој усвоил таква декларација;
- Клубот започна со изработка на компаративна анализа на постоечкиот Закон за еднакви можности на жените и мажите и Законот за работни односи и соодветните закони од земјите од регионот. Исто така, Клубот ги анализираше статистичките податоци за родовата застапеност во локалната самоуправа во Република Македонија, како и опциите за зголемување на истата.



**Катерина Димеска,** поранешна координаторка на Клубот на Пратенички

Клубот на пратенички во Собранието на Република Македонија е неформална група, и со своето работење се стреми да ја реализира својата мисија. Преку делување во законите го зајакнува учеството на жената во процесите на одлучување во општеството. Во периодот на нашето работење воведовме ротирачки принцип на претседавање со Клубот на пратенички. Предложивме амандмани во повеќе законски решенија за унапредување на жената, многу јавни дебати особено за Законот за спречување и заштита од дискриминација. Имавме соработка со дипломатски претставнички, промоција на родовите политики надвор од државата, како и размена на компаративни анализи во опкружувањето. Учествувавме на повеќе меѓународни настани, меѓу кои на Конференција за жените од евроазискиот дел, одржана во Туркменистан при што ги промовиравме нашите родови политики.



**Даниела Димитриевска,** извршен директор на Македонско женско лоби

Како резултат од интензивирање на женското движење и како резултат на активностите, како и лобирањето и застапувањето на Македонското женско лоби во 2003 се формира Клубот на пратенички. Македонското женско лоби е основач на Клубот на пратенички. Од самиот почеток Клубот презема одговорни активности во промовирањето на правата на жените во рамки на Собранието на Република Македонија, каде претставува промотор на амандмани и закони кои се родово сензитивни. Клубот на пратенички, за цело ова време, се обидува политиките на матичните партии да не ги инволвира во работата на Клубот, но и да донесува одлуки на база на консензус. Клубот за сите овие четири парламентарни мандати оствари резултати кои се за почит како на национално, така и на меѓународно поле. Со МЖЛ се остварени голем број на кампањи, но и промени кои рефлектираат во одредени закони, како воведувањето на квотите, законите кои се однесуваат на здравствена заштита на жените, породилно отсуство, Закон за еднакви можности од 2006, 2012. Во многу наврати беше промовирано прашањето на семејно насилство, како и потребата за негово поинакво законско регулирање. Клубот на пратенички, иако е базиран во Собранието, во рамките на МЖЛ оствари активности на терен промовирајќи ги репродуктивните здравствени мерки низ 200 градови и села во Македонија, семејното насилство го промовиравме заедно во 20 општини, вклучувањето на родовите политики во родовата политика низ општините во Македонија. Со оглед дека Клубот на пратенички е колективна членка во МЖЛ, имаше свои претставнички на презентирање на родовите политики на меѓународна сцена, како и членови на Собранието на Европското женско лоби во Брисел. Постоењето на Клубот на пратенички има огромно значење за јакнење на дијалогот и практицирање на демократијата во доброто владеење.



**Крис Хеншоу,** резидентен виш директор на Национален демократски институт - Македонија

Колегијалната и продуктивна меѓупартиска работа, развиена околу заедничка цел и посветеност, може да даде позитивен придонес кон здравото функционирање на Парламентот и преку својата законодавна агенда, да обезбеди подобрување на секојдневното живеење на граѓаните. Клубот на пратенички е најуспешниот пример во Собранието на една меѓупартиска соработка, и НДИ е горд што е партнер во тој успех. Учинокот на Клубот од нејзиното основање во 2003 година е импресивен. Клубот успешно го крена профилот и предложи измени на закони кои покриваат широк спектар на прашања, вклучително и бенефициите за пензионирање жени-работнички, продолжувањето на породилното отсуство, обезбедувањето бесплатни медицински прегледи, поддршката на активности против семејното насилство, итн. Едно од најзначајните достигнувања на Клубот се измените и дополнувањата на Изборниот законик, во 2006 година, со кои се обезбеди вклучување на најмалку 30% на жени во листите на кандидати, односно секоја трета позиција на листата на кандидати да биде доделена на помалку застапениот пол. Оваа изборна промена ја направи Македонија лидер во регионот во правичната полова застапеност, и ја постави меѓу првите 20 земји во светот во однос на процентот на жени- пратенички во националните парламенти. За жал, овие десет години, исто така, се карактеризираат и со повремени но значајни периоди на неактивност. Периоди кога беше важно жените да се соберат заедно за да ги заштитат и унапредат правата на жените. Овие изгубени можности, сепак, не се изгубени засекогаш. Потребата за подобрување на економскиот и социјалниот живот на жените е реален, додека можностите, како и предизвиците, сè уште треба да се исполнат. Клубот на пратенички игра клучна улога во подобрувањето на секојдневниот живот на жените во Република Македонија. НДИ му посакува на Клубот повеќе успех, како и одржлива активна иднина.



**Савка Тодоровска,** СОЖМ

Женскиот пратенички клуб е проект на Пактот за стабилност - Центар за родова еднаквост (ГТФ) што за Република Македонија го имплементираше Сојузот на организации на жени на Македонија (СОЖМ), која беше одговорна организација за Македонија. Проектот беше регионален и се имплементираше во Босна и Херцеговина, Црна Гора и Македонија.
Во рамки на проектот се формираше координативно тело составено од Савка Тодоровска (претставничка од невладиниот женски сектор), Елена Грозданова (претставничка на МТСП) и Лилјана Поповска (претставничка на жените од политиката).
Првиот неформален национален состанок на пратеничките се одржа на 27.2.2003 со цел да се разменат мислењата меѓу пратеничките, регионалниот менаџер на проектот Мери Ен Рукавина и националниот координатор на проектот Савка Тодоровска.
Во периодот од формирањето до јуни 2004 СОЖМ со Клубот на пратенички одржа седум национални состаноци, две билатерални и една трилатерална средба со клубовите на пратенички на Црна гора и Босна и Херцеговина. Националните средби беа тематски: трговија со луѓе и организиран криминал, организација на проституцијата – да или не, проституција – можни решенија, економската положба на жената во Република Македонија.
Следните 3 години, до 2007 година беа одржани повеќе работилници и конференции на разни теми: „Стратегија за намалување на сиромаштијата", „Доживотно учење", „Избрани жени Ромки во Парламентот", „Корелација помеѓу националната законска регулатива со европската легислатива и интернационалните документи кои се однесуваат на родовата рамноправност". Националниот совет за родова рамноправност (СОЖМ) учествуваше на секоја средба и активност која ја подготвуваше Клубот на пратенички и беше еден од иницијаторите за промените и дополнувањата во Изборниот законик (квота), породилното отсуство, пензионирањето, насилството, здравството итн.
НСРР ја истакнува важноста од постоењето и работата на овој клуб за прашањата од родовата перспектива.



**Ѓунер Небиу,** Женска граѓанска иницијатива АНТИКО

Женската граѓанска иницијатива АНТИКО, има остварено соработка со Клубот на пратенички во областа на постигнувањето на родовата рамноправност и унапредувањето на правата на жените. Заедно имаме покренато и спроведено повеќе иницијативи за политичко јакнење на жените, зголемување на бројот на жените носителки на политички функции, подобрување на законската регулатива односно родово сензибилизрање на правната рамка на Република Македонија, законски решенија и активности за искоренување на родовото и семејното насилство, донесување, унапредување и спроведување на Законот за еднакви можности и поддршка за градење на капацитети на Комисиите за еднакви можности при ЕЛС. Продуктивноста на соработката која ЖГИ АНТИКО ја има со Клубот на пратенички, резултира со евидентно позитивни промени во општеството. Нејзиното практицирање, и во иднина, е од клучно значење за одржување на континуитетот во заедничкото делување во областа на унапредувањето на родовата рамноправност и правата на жените во Република Македонија.



**Елена Грозданова,** државен советник за еднакви можности во Министерство за труд и социјална политика

Соработката помеѓу Министерството за труд и социјална политика - Сектор за еднакви можности, како иницијатор и координатор за прашањата поврзани со еднаквите можности и родовата еднаквост во Република Македонија со Клубот на пратенички во Собранието на Република Македонија, претставува модел за постигнување на позитивни резултати, кој што е препознат како таков не само во РМ, туку и пошироко. Фактот дека нема прогрес и демократија доколку една половина од популацијата не се вклучени во сите процеси во општественото живеење, дека нема праведна одлука доколку жените не бидат вклучени како рамноправни партнери во донесувањето на одлуките, беше главниот мотив за формирањето на Клубот на пратенички, кој беше спонтан одговор и творевина на една заедничка ентузијастичка посветеност на сите актери во општеството Владата, Собранието на РМ, граѓанскиот сектор и меѓународните организации. Затоа денес, со задоволство може да говорам за достигнувањата и придобивките од аспект на родовата еднаквост во повеќе различни програми како резултат и на соработката со Клубот на пратенички, која соработка и неспорно со своите резултати и видливост, го имаат приматот и во регионални рамки. Тоа е уште еден доказ, дека избраниот модел на заемно поврзување и соработка - граѓанскиот сектор, институциите во државата, политичките партии и меѓународниот фактор е гаранција за успех и постигнување на зацртаните цели. Во таа насока Министерството за труд и социјална политика - Сектор за еднакви можности и понатаму ќе ја продолжи соработката со Клубот на пратенички на прашањата поврзани со еднаквите можности на жените и мажите и родовата еднаквост во Република Македонија.

## АКТИВНОСТИ

- **период 2003-2006**
- 7.3.2003 - основан и промовиран Клубот на пратенички
- Национални тематски средби на темите: „Трговија со луѓе и организираниот криминал", „Легализација на проституцијата-да или не", „Проституција - можни решенија", „Економската положба на жената во Република Македонија";
- Подготвени и поделени три тематски билтени на темите:„Трговија со луѓе", „Насилство врз жената", „Легализација на проституцијата", „Акција за разоружување";
- Започна подготовка на предлог-текст на Законот за еднакви можности меѓу жените и мажите;





- Ги разгледа од родов аспект Законот за работни односи, Законот за инвалидско и пензиско осигурување, Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита, Законот за семејство, Законот за социјална заштита, Законот за заштита од дискриминација;
- Одржана Специјална сесија за децата на која е донесена Скопската декларација, подоцна предложена од Клубот и усвоена од Собранието на Република Македонија;
- Работна средба во организација на НДИ на тема „Надворешна комуникација";
- Работна средба во врска со појавните облици на дискриминација и заштита од неа, во соработка со НДИ, од која произлезе заклучок дека е потребна подготовка на закон кој ќе ги дефинира, регулира и санкционира овие прашања;
- Трибина на „Доживотно учење - предизвик и потреба на жените во Република Македонија";

- **период 2006-2008**
- Го разгледа и предложи измени на предлог-деловникот за работа на Собранието на Република Македонија;
- Информативна средба на тема „Активности кои се преземат во борбата против трговија со луѓе и илегална миграција во Република Македонија", во присуство на Љупчо Мешков, министер за труд и социјална политика и Гоце Цуклески, државен секретар;
- Тркалезна маса на тема „Анализирање на законодавството од родов аспект", во соработка со НДИ;










- Тематски брифинг „Имплементација на бесплатните гинеколошки прегледи“, во присуство на Имер Селмани, министер за здравство;
- Учество во работилници во рамките на проектот „Жените го можат тоа - јакнење на капацитетите на жените во Парламентот“, во организација на СОЖМ;
- Учество во работилница на тема „Вклучување на родовата перспектива во главните текови“, како и работилницата на тема „Корелација помеѓу националната законска регулатива со европската легислатива и интернационалните документи кои се однесуваат на родовата рамноправност“ во рамките на проектот „Жените го можат тоа - јакнење на капацитетите на жените во Парламентот“;

- **2008-2011**
- Учество во кампањата „Надмудри го ракот - биди здрава жена“;
- Јавни расправи за борба против семејно насилство;
- Обука за жените-пратенички на тема „Родово сензитивен пристап во процесот на креирање на политики“
- Објавување на e-mail адреса и телефонски број за директен контакт со граѓаните; -Јавна расправа на тема „Одбележување на меѓународните денови за борба против семејното насилство и меѓународниот ден на човековите права“
- Јавна дебата на тема „Што по Копенхаген“, по која Собранието ја усвои Резолуцијата за влијанијата на климатските промени во Република Македонија;
- Јавна расправа на тема „Родови политики во Европската унија“;
- Работна средба со Ана Заброска, пратеничка во Европскиот парламент од Словачка и членка на Комисијата за правата на жените и половата еднаквост во Европскиот парламент“;

- **2011-2014**
- Јавна расправа на тема „Предлог на Закон за еднакви можности на жените и мажите“; -јавна расправа на тема „Светски денови на бубрегот-дарување на органи“, во соработка со Здружението на бубрежно болни НЕФРОН и Македонското здружение за нефрологија, дијализа, трансплантација и вештачки органи -дебата на тема „Влијанието на климатските промени врз здравјето и интерсекторската поврзаност при спроведување на мерките за адаптација и ублажување кон климатските промени“;
- Конференција на тема „Демократијата и родовата еднаквост“, во соработка со МЖЛ, СОЖМ и АНТИКО.





# МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

- Подготовка и учество на Третата конференција на жени-парламентарки од Југоисточна Европа на тема „Жените од медиумите, трговијата со жени и дискриминацијата“;




- Учество на работна средба на Европско женско лоби, во организација на Македонско женско лоби, а во присуство на г-ѓа Карине Хенроте, потпретседателка на ЕЖЛ и Радмила Шекеринска, потпретседателка на Владата на Република Македонија;

- Средба со пратенички од Парламентот на Република Бугарија, во организација на НДИ Бугарија и НДИ Македонија на тема „Јакнење на женското законодавно и изборно учество - меѓународна парламентарна размена“;

- Учество на регионална конференција на тема „Стратегија за намалување на сиромаштијата“ во организација на Регионалниот центар за родова еднаквост на Пактот за стабилност;

- Одбрана на Извештајот на Република Македонија по Конвенцијата за елиминирање на дискриминацијата против жената на Обединети нации;

- Учество на семинар за жени-парламентарки од Југоисточна Европа и Централна Азија на тема „Промовирање на еднаквите можности за учество на жените во политичкиот и во јавниот живот“;

- Учество на Форумот на парламентарци од Централна Азија за родови и ICDP прашања;

- Учество на Меѓународната конференција Womenist, Годишна рефионална конференција на жени-парламентарки, Конференција за превенција на малигни заболувања кај жените;

- Учество на семинар на тема „Учеството на жените лидери во економскиот развој и намалувањето на сиромаштијата“;



- Учество на работилница на тема „Зајакнување на парламентарните структури за жени пратенички во регионот на ОБСЕ“.

# ПОЗНАЧАЈНИ ДОСТИГНУВАЊА

- Со измените во Изборниот законик усвоена е законска одредба за обезбедување најмалку едно место на секои три на кандидатските изборни листи да припаѓа на помалку застапениот пол (со тоа во 2006 година избрани се 37 пратенички во Собранието на Република Македонија -30,8%);

- Со поддршка на Клубот на пратенички подготвен е и донесен Закон за еднакви можности на жените и мажите;

- Со измените во Законот за здравствено осигурување поднесени од Клубот на пратенички обезбедени се бесплатни превентивни гинеколошки прегледи за рано откривање на рак на грлото на матката и рак на дојката за сите жени во Република Македонија;

- На иницијатива на Клубот на пратенички направена е измена на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, со кој се продолжи рокот за пензионирање по основ на стаж за уште две години;

- Со поддршка на Клубот на пратенички во Законот за семејство вградена е посебна глава за заштита на жртви на семејно насилство;

- Со измените во Законот за игри на среќа и забавни игри поднесени од Клубот на пратенички се формира посебен фонд за борба против семејно насилство;

- Со измените на Буџетот на Република Македонија за 2008 година поднесени од Клубот на пратенички се зголеми ставката за прифатилишта за бездомни лица и жртви на семејно насилство - шелтер-центри;

- Со измена на Законот за работни односи се гарантира работното место на работникот по враќањето од родителското отсуство;

- Со измени на Буџетот на Република Македонија за 2012 година беа одвоени средства за работа на Државниот совет за малолетничка правда, како и за зголемување на стручниот кадар во градинките, училиштата, дневните центри за деца со посебни потреби;

- На иницијатива на Клубот на пратенички се обезбедија средства во Буџетот на Република Македонија за 2014 година, наменети за имплементирање на Стратегијата за родова еднаквост усвоена од Собранието на Република Македонија.

# СТРАТЕШКИ ОБЛАСТИ НА ИДНО ДЕЛУВАЊЕ

На 3.2.2014 година, во соработка со Националниот демократски институт се одржа сесија на стратешко планирање на Клубот на пратенички. На сесијата се дефинираа следните приоритетни области на идното дејствување на Клубот, како и мерките преку кои ќе се спроведува истото:

1. Борба против родови стереотипи
   измена на законска регулатива
   дебати, јавни расправи;
   анализа и кревање на нивото на третирањето на родово сензитивни прашања во медиумите.

2. Унапредување на социјални права и заштита на жените:
   - донесување на Закон за борба против семејно насилство;
   - учество во работни тела за подговка на законот за борба против семејно насилство
   - лобирање
   - јавни расправи, дебати, соработка со локални КЕМ, локални НВО.

3. Овозможување на баланс помеѓу приватниот и професионалниот живот на жената:
   - подготвување на измени на законска регулатива;
   - дебати, јавни расправи

4. Политичко јакнење на жените
   - повеќе жени градоначалнички (лобирање, законска квота)
   - повеќе жени во извршната власт

5. Унапредување на примената на родовото буџетирање
   - лобирање
   - континуирана поддршка на финансиското и структурно јакнење на Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика

6. Економско јакнење на жените:
   - зголемување на процентот на субвенции за отворање на нови бизниси за жени-менаџери;
   - измена на законски регулативи.

При реализацијата на сите овие приоритети ќе се поттикнува регионалната соработка на жените-пратенички на ниво на изборна единица, а воедно и ќе се користат искуствата и ќе се поттикнува соработката со парламентите од регионот.

# ЖЕНИ ПРАТЕНИЧКИ ОД 2003-та ДО 2014-та ГОДИНА



Ганка С. Цветанова | Каролина Р. Астеруд | Лилјана Ивановска



Марија Којзеклиска | Наташа Биковска | Роза Т. Каревска | Селвија Салиу | Ајше Селмани | Ана П. Данева | Анѓелка П. Лауренчиќ



Ане Лешкоска | Анета Стефановска | Анита К. Крстеска | Бети Кузмановска | Билјана Казанџиска | Благородна Дулиќ | Благородна Цветковска



Валентина Божиновска | Верица Филипова | Весела Честоева | Весна Бендевска | Весна Јаневска | Весна Пемова | Виолета Ташева



Вјолца Мехмети | Владанка Авировиќ | Влова Мемети | Даниела Иротова | Дарка Петрушевска | Дивна Ј. Ефтимоска | Елена Павлова



Елмазе Селмани | Ермира Мехмети | Зеррин Абаз | Зимрете Јакупи | Илинка Митрева | Јагнула Куновска | Јаготка Ивановска



Јулијета Марку | Косана Н. Мазнева | Лидија Митева | Лилјана Затуроска | Марија Андоновска | Марија Рашковска | Маринела М. Тушева



Мерал У. Ферати | Мери Ѓ. Младеновска | Мирјана Секуловска | Нада Станчевска | Нада Ципушева | Надица Николоска | Надица Т. Тулиева



Наташа Јаневска | Наташа С. Салковска | Оливера Трајановска | Радмила Шеќеринска | Ристана Лалчевска | Ружа Ѓорѓеска | Садије Илјази



Светлана Јакимовска | Светлана Карапетрова | Светлана М. Вучетиќ | Емилија Костанова | Славица Станковска | Соња Ѓ. Стојанова | Соња Лепиткова



Соња С. Гелова | Соња Цветковска | Станка Анастасова | Сузана Анова | Сузана Салиу | Теута Арифи | Флора Кадриу



Хазбије Ибиши | Хајрије Мисими | Христина Рунчева | Цена М. Дуза | Ана Андонова | Цветанка Гашоска | Светле Јанеска







ISBN 978-608-65426-3-4